РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 05-8715
09.02 2018 год.
ВЕЛЕС

Друштво за автотранспорт, трговија и услуги
ПАН-ПРОМЕТ извоз-увоз ДООЕЛ
Бр. 0304/ 8
09.02 2018 год.
ВЕЛЕС

# ДОГОВОР

Склучен на ден __ .02. 2018 година, во Велес помеѓу следните

## ДОГОВОРНИ СТРАНИ:

1. **ОПШТИНА ВЕЛЕС**, ул.Панко Брашнар бр. 1, 1400 Велес, застапувано од Градоначалникот Аце Коцевски, во понатамошниот текст како набавувач и

2. **ДАТУ "ПАН-ПРОМЕТ" ДООЕЛ**, ул. Борис Трајковски бр. 18, 1400 Велес, застапувано од Горан Ордев, во понатамошниот текст како носител на набавката.

## ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ:

Член 1

Предмет на овој договор е набавка: **Такси превоз, слободен превоз и меѓународен превоз за потребите на Општина Велес**

Постапката е спроведена како јавна набавка за доделување на договор со отворена постапка **бр. 78/2017**, со Оглас бр. 78/2017 од **15.12.2017** година.

## ЦЕНА НА ДОГОВОРОТ :

Член 2

Вредноста на услугите од член 1 од овој Договор изнесува **до 1.400.000 денари со влкучен ДДВ од 5%**.

Конечната вредност на набавката ќе биде утврдена врз основа на единечните исплатени цени потврдени од набавувачот, односно во рок од 10 дена по завршување на испораките, кога набавувачот и носителот на набавката ќе направат меѓусебно срамнување.

Цените утврдени во спецификацијата по овој договор се фиксни и непроменливи за целото времетраење на договорот.

## НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ :

Член 3

Плаќањето на цената од член 2 на овој Договор, ќе се врши по претходно доставена финансиска документација (фактура) за целиот утврден износ за извршениот месечен превоз и тоа вирмански 60 дена од денот на приемот на фактурата, за превезени услуги.

## СКЛУЧУВУАЊЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Овој Договор се смета за склучен од моментот на неговото потпишување од двете договорни страни. Времетраењето на овој договор е една година од денот на неговото склучување или до целосно исцрпување на средствата предвидени во член 2 од овој договор.

## ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 5

Носителот на набавката се обврзува да го извршува превозот опишан во член 1 (и во спецификацијата) на овој Договор, по рок и динамика на испорака утврден во член 8 од овој Договор.

Член 6

Носителот на набавката се обврзува дека превозот ќе го извршува со бараните карактеристики и квалитет.

Носителот на набавката се обврзува дека за целото времетраење на Договорот ќе одржува и обновува сите дозволи и лиценци за вршење на такси, слободен и меѓународен превоз согласно Законот за превоз во патниот сообраќај и другите законски прописи со кој е регулиран предметот на договорот.

## ОБВРСКИ НА НАБАВУВАЧОТ:

Член 7

Набавувачот се обврзува дека плаќањето ќе го врши по претходно доставена финансиска документација (фактура) за целиот утврден износ во рокот утврден во член 3.

## РОК НА ИСПОРАКА

Член 8

Рокот на испорака на услугите во смисол на член 1 на овој Договор, е според диспозицијата на набавувачот.

Член 9

Договорните страни се согласни дека во случај кога Носителот на набавката нема да го извршува превозот во рокот определен во член 8 од овој договор па заради тоа падне во задоцнување, истиот е должен да му плати на Набавувачот договорна казна во висина од 0,5% од вкупната цена определена во член 2 од овој Договор за секој ден на доцнењето.

Договорната казна не може да надмине 5% од вкупната цена определена со член 2 од овој договор.

## РОК И ГАРАНЦИЈА НА КВАЛИТЕТОТ

Член 10

Носителот на набавката го гарантира квалитетот на превозот, во согласност со важечките стандарди во сообраќајот и сообраќајните средства, за целото време на важењето на договорот.

Носителот на набавката го гарантира квалитетот на испорачаните услуги во согласност со договорениот квалитет и дека немаат мани што ја оневозможуваат нивната подобност за редовна употреба, определена со договорот.

Член 11

Носителот на набавката се обврзува дека возилата со кои го врши превозот ќе бидат технички исправни, чисти и во уредна сообраќајна состојба.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 12

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска или нема да се придржува кон утврдениот квалитет, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската или во спротивно да го раскине договорот.

Член 13

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е за тоа писмено да ја извести другата договорна страна во рок од 30 дена.

Член 14

Со писменото известување се смета дека договорот е еднострано раскинат по истекот на отказниот рок од член 12.

По раскинувањето на Договорот, странките се должни да ги измират настанатите обврски до раскинувањето на Договорот.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 15

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој Договор можат да се изменат или дополнат со склучување на Анекс на Договорот.

Дополнувањата и измените на овој Договор се важечки, ако се направени во писмен облик и ако се потпишани од двете договорни страни.

За се што не е предвидено во овој Договор, ќе се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

Член 16

Сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, а кои договорните страни не би можеле да ги решат спогодбено, во духот на взаемна соработка и добрите деловни односи, ќе ги решава надлежниот суд во Велес.

Член 17

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои по 2 (два) примерока за секоја договорна страна.

**НОСИТЕЛ НА НАБАВКА**
**ДАТУ "Пан-Промет" ДООЕЛ**
Директор
Горан Ордев

**НАБАВУВАЧ**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
Градоначалник
Аце Коцевски

Изработил: ДТ

## II. ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА
## Такси превоз, Слободен превоз и Меѓународен превоз за потребите на ОПШТИНА ВЕЛЕС

### КАТЕГОРИЈА-ТАКСИ ПРЕВОЗ

| Дел | Опис на делот | Единеч на цена по км | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Превоз во град со кола/такси | 30,00 | 1,50 | 31,50 |
| 2 | Приградски превоз до 30 км со кола/такси | 30,00 | 1,50 | 31,50 |
| 3 | Превоз во Република Македонија со кола/такси | 30,00 | 1,50 | 31,50 |

### КАТЕГОРИЈА-СЛОБОДЕН ПРЕВОЗ

| Дел | Опис на делот | Единеч на цена по км | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 4 | Превоз во град со мал автобус до 17 места | 50,00 | 2,50 | 52,50 |
| 5 | Приградски превоз до 30 км со мал автобус до 17 места | 50,00 | 2,50 | 52,50 |
| 6 | Приградски превоз до 30 км со мал автобус од 18 до 27 места | 60,00 | 3,00 | 63,00 |
| 7 | Приградски превоз до 30 км со автобус над 27 места | 80,00 | 4,00 | 84,00 |
| 8 | Превоз во Република Македонија со мал автобус до 17 места | 50,00 | 2,50 | 52,50 |
| 9 | Превоз во Република Македонија со мал автобус од 18 до 27места | 60,00 | 3,00 | 63,00 |
| 10 | Превоз во Република Македонија со автобус над 27 места | 62,00 | 3,10 | 65,10 |

### КАТЕГОРИЈА-МЕЃУНАРОДЕН ПРЕВОЗ

| Дел | Опис на делот | Единечна цена по км | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 11 | Меѓународен превоз со мал автобус до 17 места | 50,00 | 2,50 | 52,50 |
| 12 | Меѓународен превоз со автобус до 18 до 27 места | 60,00 | 3,00 | 63,00 |
| 13 | Меѓународен превоз со автобус над 27 места | 62,00 | 3,10 | 65,10 |

**Датум :09.02.2018** **м.п.**

Понудувач :

**ДАТУ "Пан-Промет" дооел**

Директор:

**Горан Ордев**